СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1769/2021

Дата..09.-12.-2021.

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Гостивар, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО** Србиново, **Општина Гостивар.**

Вкупната должина на предметната траса изнесува 600m.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y10721** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гостивар, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36072 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар. Вкупната должина напредметната траса изнесува 600m.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1769/2021 од 18.11.2021 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од “Просторниот план на Република Македонија”, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

просторот за изградба на среднонапонски кабелски вод, кој поминува низ катастарски парцели: КП 436, КП 719, КП 744, КП 704, КП 1554, КП 1466, КО Србиново, Општина Гостивар, и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk